

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“
ЗА ПЕРИОД: 16.02.2017 – 31.12.2017 ГОДИНА

1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;
- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

2. Реализирани активности во текот на 2017 година

Во текот на 2017 година беа одржани бројни состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на Програмата за дејствување на Здружението и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението кои беа превземани со цел да се исполни мисијата на Здружението односно да се организира манифестацијата „Бадникови поворки 2018“. Овде само накратко ќе напоменеме дека манифестацијата „Бадникови поворки 2018“ беше успешно спроведена на 6-ти Јануари 2018 година, но за самата манифестација и активностите кои беа превземени на почетокот на 2018-та година подетално ќе биде презентирано во Извештајот за активностите на Здружението за 2018-та година. Овој извештај ги опфаќа единствено активностите кои беа преземени од почетокот на основањето на Здружението до крајот на 2017 година.

Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните со активностите на Здружението, во функција беше ставена Facebook група БАДНИКОВИ ПОВОРКИ и беше активиран YouTube каналот Badnikovi Povorki.

Како позначајни активности кои беа реализирани во текот на 2017 година ги издвојуваме следните:

- Со цел да се овозможи запознавање на граѓаните со старите православни традиции за прослава на Бадник, на You Tube каналот беа објавени неколку видеа на кои се објаснува значењето на традицијата за прослава на празникот Бадник преку Бадникови поворки, се објаснува за значењето на Божикните пештери и Божикните ѕвезди кои се користат како реквизити од страна на учесниците во Бадниковите поворки.
- Во продолжение ви пренесуваме дел од изјавите на личностите кои беа вклучени во процесот на изработка на Божикните ѕвездички:

Даниела Секуловска: *„Да се биде дел од екипата која ги подготвува Божикните ѕвезди кои илјадници деца оваа година ќе ги носат во Бадниковите поворки за мене претставува нешто многу драгоцено. Оваа година ми е посебно чест затоа што научивме многу дечиња сами да си ги изработуваат Божикните ѕвезди кои ќе ги носат на поворките.“*



Дејан Лилиќ: *„Што да се каже за нешто што не може ни да се опише, нешто што треба да се доживее и нешто што ако некој не го доживеал сигурен сум дека ќе го трогне... Овие два наши најголеми празници Бадник и Божик и оваа прекрасна традиција што ни се враќа со Бадниковите поворки, кои се надевам дека секоја година ќе бидат поголеми и поголеми, само не потсетуваат на тоа колку знаеме да згрешиме и колку треба да знаеме да простиме и да си простиме и на самите себе си и на тој начин да се поправаме и да бидеме подобри. Многу ми е мило што ќе бидам дел од ова и мислам дека нема да бидам само оваа година туку тоа ќе бидат и наредните години, не само јас туку и целото мое семејство, особено двете мои мали ѕвездички.... Им посакувам на сите да бидат допрени од овие ѕвездички и од луѓето кои се во оваа акција затоа што така ќе бидеме побројни и ќе го направиме овој наш празник многу поубав.“*

Филип Божиновски: *Многу ми е драго што сум дел од овој проект, тука се дружевме со најмалите, со дечињата ги правевме овие Божикни ѕвезди. Сите*

некако се стремиме кон материјалното, а го заборавиме духовното. Треба да мислиме позитивно, да веруваме во Бога. Многу ми е драго што можам да најавам дека се гледаме на 6-ти Јануари за Бадник низ улиците на Скопје каде што ќе се дружиме со најмалите и со овие Божикни ѕвезди.“

- Во текот на месец декември 2017 година најпопуларните пејачи од македонската поп естрада, обединети во студиото „Алшар“ на Ивица Јанкуловски направија освежена верзија на една од најпознатите божикни песни во православниот свет-„Вечниот Бог“. Освен Елена Ристеска, Тамара Тодевска, Димитар Андоновски и Некст тајм, оваа година музичкиот дел од екипата беше засилена и од Даниел Кајмакоски, Викторија Лоба, Влатко Лозаноски, како и од Златните славејчиња. Аранжманот на песната е дело на Владимир Димовски. Ова значајно музичко дело, најмногу ќе им помогне на дечињата-коледарчиња, со леснотија да ја научат божикната песна која низ стихови го пренесува настанот на Христовото Раѓање.

Во продолжение Ви пренесуваме дел од изјавите на учесниците кои доброволно го дадоа својот придонес во остварувањето на оваа активност, поткрепено со неколку фотографии кои ја пренесуваат пријатната и весела атмосфера која владееше во текот на снимањето на песната „Вечниот Бог“.

Елена Ристеска: *„Со задоволство прифатив и овој пат да бидам дел од овој преубав проект кој што го започнавме минатата година... Има некоја магија во овие проекти, има нешто навистина благословено, затоа секогаш со задоволство прифаќам. Ова не го правиме само за себе, туку го правиме и за нашиот народ да чуе нешто малку поразлично од нас, поп музичарите.“*

Стефан од Некст тајм: *„Премногу сме среќни што заземаме учество во еден ваков проект и голема благодарност до Бигорскиот манастир бидејќи на нивна покана еве по втор пат учествуваме во овој проект.“*

Тамара Тодевска: *„Многу ми е драго што и после 2 години сум дел од овој проект, снимаме песна заедно со моите колеги и со Златните славејчиња за Бадниковите поворки. Владее една прекрасна атмосфера, како и секој пат кога се работи за нешто вакво и се надевам дека тоа ќе вроди со плод и дека тоа што сакаме да го постигнеме ќе го постигнеме.“*

Викторија Лоба: *„Посебна чест и задоволство беше за мене да бидам дел од овој проект и да ја озвучиме оваа прекрасна песна „Вечниот Бог“ заедно со сите мои убави колеги. Сакам на сите да им посакам да имаат убав светол празник Божик и сите да ја следат неговата светлина.“*

Димитар Андоновски: *„Оваа песна која што многу одамна се пеела меѓу народот, но за жал од одредени причини згаснала, еве ние со заеднички сили некако се трудиме да ја вратиме меѓу народот, а посебно да се научиме да ја пееме на Бадниковите поворки кои што секоја година се се повеќе посетени од народот и посебно од младите во сите градови во Македонија. „Вечниот Бог“ е песна која треба сите да научиме и да ја пееме помеѓу нас затоа што нема поубаво чувство кога се пее за Бога и за Христос.“*

Даниел Кајмаковски: *„Посебно ми е драго што и јас сум дел од оваа прекрасна приказна, мило ми е и што бројни колеги се собраа тука заедно да ја отпееме песната „Вечниот Бог“ и се надевам дека многу дечиња ќе се израдуваат и ќе се соберат и сплотат на Бадниковите поворки, онака како што го направивме тоа и ние денеска.“*

Влатко Лозановски: *„Песната „Вечниот Бог“ мене лично ми е позната од порано, поради тоа што во мојот роден крај, во Кичево ја имам пеено на Бадник. Се надевам дека со оваа песна ќе израдуваме многу луѓе и дека дечињата почесто ќе се собираат на Бадниковите поворки и со голема радост ќе го поминат Бадник со нивните блиски.“*





➢ Во текот на месец декември 2017 година македонските музички ѕвезди заедно со Златните славејчиња, во продукција на „Веста“ на неколку локации во Скопје, го снимаа видео спотот за песната „Вечниот Бог“. Од прв до последен, сите осум ѕвезди од македонската естрада и овој пат изјавија дека се пресреќни што се заедно, што се дружат и се сплотени во промовирањето на вистинските вредности пред своите фанови и македонскиот народ, чии што амбасадори се токму тие. Спотот за песната „Вечниот Бог“ беше промовиран на нашиот You Tube канал на 29.12.2017 година.

Во продолжение објавуваме неколку слики од атмосферата на снимањето на спотот.









Во оваа прилика изразуваме ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ за големото срце на Елена Ристеска, Тамара Тодевска, Викторија Лоба, Влатко Лозановски, Даниел Кајмакоски, Димитар Андоновски, Некст тајм, Златните славејчиња и секако, екипата на Веста продукција која го сними и спакува овој прекрасен Божиќен видео спот.

- Со оглед на фактот што празниците Бадник и Божик се празници во кои се слави љубовта и милоста, членовите на Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември организираа и активности на милосрдие со цел да ја пренесат радоста и топлината на големите христијански празници на оние луѓе кои поради болест или други причини не можеа да бидат вклучени во Бадниковите поворки.
- Па така, најпрво група на членови на Здружението заедно со македонската поп пеачка Викторија Лоба и актерот Кире Ѓорески ги посетија болните дечиња од Детската болница Козле, каде ги израдуваа со песна, со интересен настап со пантомима и со скромни подароци и пакетчиња. Многу повеќе за овој настан може да се погледне на нашиот You Tube канал на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=KG83yjH2joI.

➢ Во продолжение ви пренесуваме изјави на дел од личностите кои што беа вклучени во оваа работилница на радоста и во овие акции на изобилно дарување љубов, внимание и добри желби.

Елена Пандева:*„Морам да кажам дека ми е исклучително задоволство што сум дел од оваа трпеза на подароците заедно со моите пријателки. Честа ете ми припадна и мене да бидам дел од една огромна маса на луѓе, христијани во душите, топли луѓе, топли души, така да сум видно возбудена и се надевам дека во годините понатаму ќе бидеме се повеќе и повеќе, затоа што овој начин на враќање кон суштинската христијанска традиција ќе донесе до суштинскиот интегритет, нас како луѓе, како македонци и како православни христијани.“*

Ребека Јанковска-Ристески:*„Се собравме овде, една прекрасна екипа за да направиме многу убави нешта, да подариме, да иницираме и другите да подаруваат затоа што нас насмевките не прават многу среќни. Празници се плижат, доаѓа Божик и навистина треба да му се посвети посебно внимание на овој ден. Божик е прекрасен празник и навистина треба да го прославиме онака како што доликува, онака како што старите го правеле тоа и впрочем и затоа сме тука за да ја возобновиме онаа Божикна поворка која што повторно ќе оди низ улиците на нашиот град и низ улиците низ многу други градови. Во оваа прилика Ве повикувам сите да појдеме и Бадник и за Божик весело да ги прославиме онака како што треба.“*









- Група на членови на Здружението, исто така во текот на месец декември посетија стари и изнемоштени лица во Дом за стари лица, каде успеаа со своето присуство да им го разубават денот на присутните лица и да им ја пренесат топлината и убавината на престојните христијански празници. Многу повеќе за овој настан може да се погледне на нашиот You Tube канал на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=ojU3qtexlTY



Баба Рада:*„Токму денеска на овој прекрасен ден ние овде се собравме да ги израдуваме сите оние кои што нешто правеле во својот живот раѓале, растеле, со своите деца заедно, доживеале вници и сега ние сме должни во овие прекрасни и убави и светли денови да ги израдуваме со еден скромен подарок. Се надеваме дека нивните очи ќе засветат, нивните срца ќе бидат полни со радост, иако подарокот е скромен, но за нив ќе значи многу, ќе значи радост и дека некој во овие убави денови се сетил дека и тие се тука со нас и дека постојат.“*

Душанка Бојаџиева:*„Мили пријатели, многу ми е драго што сум меѓу вас како претставник од Бадниковото движење кое веќе 8 години ги прави своите чекори за да возобнови една стара традиција со благослов на игуменот на Бигорскиот манастир отец Партениј и неговото братство и сестринство и во пречек на Божикните мигови кога сите со радост и со трепет ја очекуваме радосната вест, да го доживееме раѓањето на нашиот Господ Исус Христос. Сите, да направиме од нашето срце пештерки за да ги примат сите радосни мигови како оваа наша средба, оваа наша дружба.*

Радост и чест ми е што сум со вас како трето доба, да се дружам и да ги поделувам моите мисли и надежи. Мило ми е што ги гледам вашите радосни лица...Ви посакувам вашите срца да не престанат да љубат, затоа што ние, старите генерации ја носиме мудроста, ама ја носиме и љубовта. Значи да останеме ведри, расположени и да бидеме пример за сите помлади генерации, дека староста не е тага, не еболка, иако ја имаме со радост и со љубов да ја носиме.“





3. Финансиски извештај

Ве известуваме дека согласно член 18 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Службен весник на РМ“ бр. 24/2003) вкупната вредност на имотот или годишниот приход за 2017 не надминуваат износ од 2.500,00 евра во денарска противвредност, при што не сме обврзани да составуваме и доставуваме финансиски извештаи за 2017 година.

Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец април 2018 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје